Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 44, 16 август 2010 година

август 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ПЕДАГОГИЈА, ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ И ЕЛЕМЕНТАРНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

По завршувањето на рокот за пријавување на кандидати на Конкурсот за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научните области: ***педагогија, образование на наставници*** и ***елементарно образование*** на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во весникот „Дневник“ на 22 јуни 2010 г., Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, на седницата одржана на 2.7.2010. година, донесе Одлука бр.2102-54/4 за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Киро Камберски – редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет, Институт по педагогија (претседател),
2. д-р Анета Баракоска – вонреден професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет, Институт по педагогија (член) и
3. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева – вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет ( член).

Комисијата утврди дека на распишаниот Конкурс се пријави доц. д-р Соња Петровска, вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет.

Врз основа на анализата на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, со особена чест и задоволство, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Соња Петровска** е родена на 11 август 1962 година во Штип. Основно и средно образование, со континуиран одличен успех, завршува во родното место. Во 1983 година дипломира на Вишата педагошка академија во Штип, Отсек за одделенска настава. Своето образование го продолжува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет, Институт по педагогија, каде се здобива со диплома – **дипломиран педагог**. На Филозофскиот факултет во Белград, Одделение за педагогија, на 9 мај 2000. година, д-р Соња Петровска го одбранува својот магистерски труд со наслов „*Семејната средина како поттик за успех на учениците во основното училиште*“ и се стекнува со звање - **магистер по педагошки науки**. На 9 јули 2005 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Институт по педагогија во Скопје, ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „*Воспитниот статус на македонското семејство и училишната успешност на децата*“ и се стекнува со звање - **доктор на педагошки науки**.

Од 1983 година до 1996 година д-р Соња Петровска работи како одделенски наставник во неколку основни училишта на територијата на Општина Штип, каде освен како успешен наставник се потврдува и како успешен ментор на студентите од Педагошката академија во Штип.

На 1 септември 1996 година е избрана за *помлад асистент* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ – Штип по предметите: Училишна педагогија и Педагошка практика на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика на Одделот за предучилишно воспитување. На 1 јули 2002 година е избрана во звање *асистент* за истите предмети. На 20 декември 2005 година д-р Соња Петровска е избрана во звање *доцент* по предметите: Училишна педагогија, Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот за одделенска настава и Педагошка практика и Педагогија на слободно време на Одделот

за предучилишно воспитување, каде и денес работи.

Во периодот од 2003 до 2005 година е вклучена во реализацијата на наставата и вежбите по предметот Методика на наставата по македонски јазик.

Од 3 март 2008 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, д-р Соња Петровска е ангажирана за реализирањето на наставата и испитите по предметот Педагогија на Студиската програма за стекнување на наставнички компетенции, за студенти дипломирани на ненаставнички факултети.

Од 2008/2009 година д-р Соња Петровска следејќи ги потребите за унапредување на наставничката професија, а согласно со Заедничките европски принципи за компетенции и за квалификации на наставникот, како изборен (I циклус на студии), го воведува студискиот предмет – Организација на училишна установа.

Во студиската 2009/2010 година д-р Соња Петровска реализира настава и вежби на вториот циклус на студии на Педагошкиот факултет по предметите: Училишна организација, Планирање на училиштен развој и Училиштето, семејството, и локалната средина.

Д-р Соња Петровска во 2005 година е член на Локалниот организационен одбор на годишната конференција на Европската мрежа за образование на наставници (ЕТЕN) одржана во Охрид, како и член на Организациониот одбор на неколку годишни меѓународни научно-практични конференции организирани од Граѓанската асоцијација на учители на Р. Македонија во периодот од 2003 до 2009 година. Во периодот од 1996 до 2003 е член на Комисијата за наука на Друштвото на просветни работници на Р. Македонија – Штип. Таа е член и на Надзорниот одбор на Научното друштво за образование и педагогија – Скопје. Како член на Советот на Општина Штип (2004 год. - 2008 год.), д-р Соња Петровска била претседател на Комисијата за општествени дејности.

Д-р Соња Петровска во текот на професионалната кариера континуирано ги усовршува своите наставнички и научни компетенции. Учествува во повеќе проекти и семинари во чии рамки поминала обуки наменети за осовременување на воспитно-образовната работа во основното, средното и високото образование (1. „Активна настава – интерактивно учење“ – СОРОС; 2. „Со читање и пишување до критичко мислење“ – СОРОС; 3. „Граѓанско образование – пат кон граѓанско општество – СОРОС; 3. „Партнерство и демократија во образованието“ – ТЕМПУС, носител Педагошки факултет – Битола, во чии рамки остварува две еднонеделни студиски посети во Шведска и Холандија).

1. **Наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апкликативна и организациско-развојна дејност помеѓу двата избора**

1.1. **Наставно-образовна дејност**

Врз основа на приложената документација, се гледа дека кандидатката во изборниот период е активно вклучена во наставниот процес на Педагошкиот факултет. Таа своето богато наставничко искуство успешно го аплицира изведувајќи предавања, вежби, испити и консултации со студентите (идни наставници и воспитувачи) кои студираат на студиските програми за: иницијално образование на одделенски наставници и воспитувачи (Училишна педагогија и училишна организација, Педагошка практика, Педагогија на слободно време и Организација на училишна установа), стекнување на наставнички компетенции (Педагогија), вториот циклус на студии на Педагошкиот факултет (Училишна организација, Училиштето, семејството и локалната средина и Планирање на училиштен развој).

Д-р Соња Петровска следејќи ги научните достигнувања во областа на училишната педагогија, како интегративна педагошка дисциплина, континуирано ја осовременува програмата по овој студиски предмет, организацијата на педагошката практика со студентите и ја промовира наставничката професија.

Таа е рецензент на еден учебник и еден практикум наменети за студентите од Педагошки факултет: Основи на природните науки – учебник и практикум, од проф. д-р Снежана Ставрева-Веселиновска („Универзитетски билтен“ бр. 8, јуни 2008 г.) и Здравствено воспитание – учебник, од проф. д-р Снежана Ставрева-Веселиновска

(„Универзитетски билтен“ бр.8, јуни 2008 г.), како и член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Педагошки факултет и списанието „Воспитание – списание за теорија и практика“ – Педагошки факултет.

Д-р Соња Петровска е ментор на повеќе успешно одбранети дипломски работи и член на рецензентски комисии за избор на соработници на Факултетот.

1.2. **Научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Анализата на научноистражувачкото творештво на д-р Соња Петровска покажува дека станува збор за совесен, сериозен, креативен и методолошки коректен научен работник. Во нејзините трудови се иницираат, елаборираат, анализираат, критички обработуваат и емпириски истражуваат современи проблеми кои се предмет на интерес на педагошката наука: интеграцијата и педагошките импликации од воведување на ИКТ во образованието на децата и младите, соработката меѓу училиштето, семејството и локалната средина, училишната организација и позицијата на наставникот во истата, глобалните цели и задачи на основното образование, интерактивните и активните пристапи во воспитно-образовната работа со деца од раноучилишна возраст и студенти. Мошне висперно користи референтна литература, заклучува и предлага начини и модели за зголемување на ефективноста и ефикасноста на воспитно-образовната работа во училиштата.

Во периодот од последниот избор во доцент, па до денес, кандидатката развила плодна научноистражувачка работа за што говорат приложените материјали.

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период**

1. **Петровска, Соња** (2007-2008): *Ориентациона програма за педагошко образование на родителите*, „Воспитание – списание за теорија и практика“, год. 5, бр. 8-9, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет, стр. 41-47.

Овој труд претставува модел на програма за педагошко образование на родителите. Програмата е втемелена на: многубројни истражувачки факти, меѓу кои и на авторката, утврдени во едно нејзино пообемно истражување, позитивни сопствени искуства од веќе реализирани програми од овој тип, теориски поставки од навидум трите различни приоди во проучувањето на семејството: системски пристап, психологија на целоживотниот развиток на поединецот и семејната андрагогија, кои говорат во прилог на потребата од педагошко образование на родителите. Предложената програма е извонреден модел, како од содржински така и од методски аспект, кој училиштата можат да го вградат во своите развојни планови и годишни програми за работа, во функција на унапредување на подрачјето – Соработка на училиштето со семејството.

2. **Петровска, Соња,** (2009): *Теориски пристапи во училишниот менаџмент*, „Воспитание – списание за теорија и практика“, год. 6, бр. 10, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет, стр. 65-75.

Трудот третира прашања поврзани со образовниот менаџмент, а посебен акцент се става на училишниот менаџмент преку анализирање на валидноста на референтни теории на образовниот менаџмент и компарирање на истите. Авторката ги прифаќа анализираните теориски поставки, укажувајќи на потребата од нивна соодветна апликација како алатки во училишната практика. Сметаме дека е вредно изворно да ги претставиме добро аргументираните ставови на авторката околу овој проблем. „*Образовниот менаџмент пак како интердисциплинарна и мултидисциплинарна научна област ги изучува наодите и практиките од работата на образовните институции, а како мошне значаен проблем на проучување и често запоставуван се определените општи и специфични цели на воспитно-образовниот процес. Всушност, целите на воспитно-образовниот процес треба да ја дефинираат насоката на менаџментот во училишните институции. Во последните неколку децении постојат теснофункционалистички обиди училишната педагогија, па дури и дидактиката, да се сведат само на училишна организација и менаџмент. Оваа тенденција претставува опасност за развојот на севкупниот воспитно-образовен систем, затоа што таа претпочита истакнување на процедурите, а запоставување на воспитно-образовните цели и вредности. Третманот на училиштето од организациски*

*аспект не може да се издвои од принципите и законитостите кои важат во сферата на воспитанието и образованието... Затоа образовниот менаџмент може да се третира како интегрално подрачје на училишната педагогија, кое во целост ќе кореспондира со педагошките и вредносните димензии на дејноста што се реализира во училишните организации...* “.

3. Atanasova-Pacemska, Tatjana, **Petrovska, Sonja** (2007): *Comparative Analysis of the Traditional Approach and the Approach According to the Montessori Model in the Pre – Educational Institutions in the Republic of Macedonia with a Review to the Educational Area of Mathematics*, Зборник, Педагогическото образование в България: Състояание и тенденции, Сборник, Том 3, Благоевград, Университетски издателство „Неофит Рилски“, стр. 595 -603.

Во овој коавторски труд се анализирани и компарирани организациските и педагошките карактеристики на Монтесори моделот и Традиционалниот модел на воспитно-образовна работа во детските градинки во Р. Македонија и е укажано на нивните позитивни импликации врз развојот на децата од предучилишна возраст.

4. **Sonja, Petrovska,** (2007): *Integration of The Global Educational Dimensions in The School Curriculum*, Proceeding - Fourth Balkan Congress, Education, The Balkans, Europe, Volume 2, Stara Zagora, Trakia University – Faculty of Education, p. 80-84.

Во трудот се анализираат можностите кои ги нуди новата концепција за основно деветгодишно образование во Р. Македонија (2007) за интеграција на глобалните образовни цели во училишниот курикулум: Образование за решавање на конфликти, Образование за живот во мултикултурна средина и почитување на човековите права и Образование за одржлив развој. Заклучоците и предлозите кои ги дава авторката се резултат на извршената анализа на целите на основното образование и анализата на развојните планови и годишните програми за работа на четири основни училишта во Штип за учебните 2005/2006 и 2006/2005. Трудот е значаен, затоа што открива дека околу 4.000 ученици кои учат во овие училишта (според анализата на програмите и плановите) располагаат со различно ниво на информации, знаења, способности и вештини поврзани со посочените глобални проблеми.

5. Tatjana, A., Pachemska & **Sonja Petrovska,** (2007): *Integracija E-uchenja u kurikulum Metodike vaspitno-obrazovnog rada iz matematike*, Zbornik radova, Tehnologija, informatika, obrazovanje, br 4, Institut za pedagoska istrazivanja – Beograd, Centar za razvoj I primenu nauke, tehnologije I informatike – Novi Sad, Prirodno matematicki fakultet – Novi Sad, Novi Sad I Willy, str. 255-260.

Во трудот, интеграцијата на ИКТ во наставата по Методика на воспитно-образовната работа по математика (студиска програма за воспитувачи на Педагошки факултет) се третира како педагошка иновација. Образложени се основните теориски претпоставки за иновирање на наставата и е даден концепт за воведување на оваа иновација. Авторите го елаборираат својот концепт за изработка на е- учебник по овој студиски предмет.

6. **Петровска, Соња** (2008), *Тенденции во истражувањето на проблемот – родителско-училишна соработка*, Современи тенденции на воспитно-образовната работа во основните училишта – Зборник на трудови, Штип, Граѓанска асоцијација на учителите - Штип, стр. 17-23.

Трудот има прегледен карактер. Во него се елаборирани и анализирани, како од филозофски така и од методолошки аспект, современите тенденции во светски рамки, во истражувањето на проблемот – родителско-училишна соработка. Посебно се акцентира потребата од нивна апликација во научноистражувачката работа и практиката.

7. **Petrovska, Sonja** (2009): *Pedagogical aspects of integration of ICT in educational practice*, Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo icenja I znanja – Knjiga rezimea, Institut za pedagoska istrazivanja – Beograd, Centar za razvoj I primenu nauke, tehnologije I informatike – Novi Sad, Prirodno matematicki fakultet – Novi Sad, Novi Sad I Grid, str. 70

(зборникот е во печат, а трудот е приложен со извадокот од Книгата на резимеа).

Овој труд претставува синтеза на теориски и емпириски сознанија кои значајно придонесуваат во креирање на ефективни модели на интеграција на ИКТ во воспитно-образовната работа. Трудот има прегледен карактер, а авторката укажува на најзначајните подрачја со кои треба да се занимаваат државите, локалните самоуправи, училиштата и истражувачите: промоција на педагошките компоненти во процесот на интеграција на ИКТ во наставата, откривање на бариерите кои влијаат врз успешноста на интеграцијата и изнаоѓање на практични решенија за суспензија на истите.

8. **Petrovska[1] Sonja** and Veselinovska Snezana (2008): *Cooperative Learning in Heterogeneous Groups – A Model for Establishing Class Cohesion and School Success Improvement*, во: Образовање и сиромаштво у земљама у транзицији, Београд, Институт за педагошка истраживања, стр. 249-259.

Трудот претставува анализа на добиените резултати од едногодишно акционо истражување, спроведено во учебната 2006/2007 година во едно второ одделение во ООУ „Тошо Арсов“ во Штип, Република Македонија.

Предмет на истражувањето е влијанието на примената на кооперативни техники на учење и поучување врз развојот на кохезијата на одделенскиот колектив во смисла на прифаќање на ризичните ученици (ученици од семејства со низок социо-економски статус и ученици припадници на ромската заедница) и училишните постигнувања.

Истражувачките резултати откриваат дека планираната и континуирана примена на кооперативните техники за учење и поучување во наставата значително придонесува во развојот на кохезијата на ученичкиот колектив (учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус и учениците припадници на ромската заедница активно се интегрираат во сите сфери на училишното живеење, а слободното време многу почесто го споделуваат со врсниците од своето одделение).

Исто така, овие ученици се значително помотивирани за совладување на наставните содржини и консеквентно на зголемената ангажираност во училиштето покажуваат подобри училишни резултати. Мошне е значајно што при воведувањето на континуираната примена на техниките за кооперативно учење и поучување во наставата посебно е водена сметка да не биде суспендиран компетитивниот и индивидуалниот пристап во комплетниот воспитно-образовен процес.

Трудот е посебно значаен и заради понудениот дидактичко-методички приод за воведување на кооперативното учење и поучување во наставата.

1. **Petrovska[1] Sonja** and Velkovska Natasha (2009): *Research Tendencies in The Area of Parent-School Cooperation*, Предучилишното детство и одговорностите на съвременното общество – Доклади од научна конферерениця с международно участие, Бургас, Община Бургас – Министерство на образованието младежта и науката – Буграски свободен университет и Университет „проф. Д-р Асен Златаров“, стр. 76-83.

Трудот претставува продлабочена верзија на трудот со реден бр. 6. и е презентиран на Научната конференција со меѓународно учество – Предучилишното детство и одговорностите на современото општество, Бургас.

2. Stavreva-Veselinovska, Snezana, Zivanovik, Jordan, **Petrovska, Sonja** (2009): *Operational system EDUBUNTU, Предучилишното детство и одговорностите на съвременното общество* – Доклади од научна конферерениця с международно участие, Бургас, Община Бургас – Министерство на образованието младежта и науката – Буграски свободен университет и Университет „Проф. д-р Асен Златаров“, стр. 212-218.

Овој коавторски труд се занимава со елаборација на примената на операционалниот систем ЕДУБУНТУ во училиштата во Р. Македонија и можностите кои тој ги нуди во осовременување на воспитно-образовната работа во училиштата.

3. **Petrovska, J Sonja** (2009*): Educational Values of Questioning and Self-Questioning*, Collected Papers of 3rd Scientific research symposium, Curriculums of the early and compulsory education, Zadar, Učiteljski fakultet Sveučilište u Zagrebu, p. 565-578.

Авторката во овој оригинален научен труд ги презентира резултатите од

едносеместрално акционо истражување, спроведено на примерок од 103 студенти (II година) на Педагошкиот факултет. Цел на истражувањето е да се проучат способностите на студентите за прашување и самопрашување во процесот на учење и нивното влијание врз академските постигнувања. Како индикатори за вреднување на способностите за прашување и самопрашување се користени Блумовите категории на образовни цели во когнитивното подрачје, а како индикатори за академските постигнувања се користени поените добиени од колоквиумите за студентите. Трудот е значаен и заради востановениот методски модел за воведување на овие стратегии во процесот на учење и поучување.

4. **Петровска, Соња** (2009): *Образование на надарените и талентираните*, Зборник на трудови, Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика), втор дел, Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Педагошки факултет – Битола, стр. 182-189.

Овој труд има карактер на прегледен труд и претставува сериозна елаборација и анализа на девет најреферентнитеориски модели  во светската литература, во кои, освен што е понудена дефиниција за талентирани и надарени, се нуди и процедура за идентификација и стратегии за програмирање на работата со оваа категорија на ученици. Презентирани се по хронолошки редослед, според времето во кое се развиени. Истите можат да послужат како патокази, според кои училиштата ќе креираат програми за надарени ученици.

5. ***Д-р Соња Петровска*** *(2010): Кооперативното учење во функција на хуманизација на воспитно-образовната работа,* Зборник на апстракти, Образование за хумано општество, Охрид, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Педагошки факултет – Скопје. (Зборникот е во печат, а трудот е приложен со извадокот од Зборникот на апстракти)

Трудот се занимава со проучување на можностите кои ги нуди кооперативното учење за хуманизација на воспитно-образовниот процес, со намера да се потврди хипотезата - преку воведување на кооперативното учење и поучување во наставата се остварува хуманизација на воспитно-образовниот процес. Аргументи: кооперативното учење како стратегија за учење и поучување ги зема предвид когнитивните и афективните аспекти на учењето, ја истакнува активноста на учениците, ја промовира соработката и поддршката, а истовремено дава можност за правење баланс помеѓу индивидуалните и колективните чувства за успех/неуспех.

6. Stavreva Veselinovska, Snezana, **Petrovska, Sonja,** Zivanovic, Jordan (2010): *How to help children understand and respect Nature*, Procedia – Social and Behavioral Science, Volume 2, Issue 2, p. 2244-2247.

http://www.sciencedirect.com/science/journal/18770428

Трудот е значаен заради неговата намера да ја аргументира потребата од еколошко воспитание на децата од најрана возраст и да укаже на значењето на возрасните, посебно на наставниците и воспитувачите, во артикулирање на таа потреба. Во трудот доминира аргументација на филозофијата – човекот е пред сè природно суштество.

7. Stavreva-Veselinovska, Snezana, Zivanovic, Jordan, **Petrovska, Sonja,** Gokik, Milena (2010): *Interactive learning in programmed teaching of the subject “Based of Nature Science” at pedagogical faculties in the Republic of Macedonia* (ICT tools I Biology education), Procedia – Social and Bihavioral Science, Volume 2, Issue 2, p. 2253-2259. http://www.sciencedirect.com/science/journal/18770428.

Во трудот се образложени теоретските рамки на програмираната настава и интерактивното учење, како и искуствата од практичната имплементација на овие методски пристапи во наставата по студискиот предмет Основи на природните науки – Педагошки факултет, Штип. Се промовира потребата од изработка на програмирани содржини за учење и потребата од педагошка едукација на наставниот кадар на факултетите за оспособување за изработка на вакви содржини. Во трудот е презентиран и еден интегративен методички модел (програмирана настава, интерактивно учење и интеграција на ИКТ) за обработена содржината „Клеточна мембрана“.

8. **Петровска, Соња** (2010), *Учителите, техните лидерски умения и ефективното училище,* Зборник од првата пролетна конферерениција, Варна, Център за обучение, консултации и тренинг ZS консулт – Варна (Зборникот е во печат, трудот во прилог).

Во трудот преку анализа на релевантни теориски и емпириски истражувања се апострофира лидерската улога на наставникот како склоп на компетенции нужни за партиципација во одлучувањето и водењето на училишната организација, се анализираат различни манифестации на таа улога и нејзиното значење за градење на модел на ефективно/успешно училиште. Исходите од оваа емпириско-теориска анализа упатуваат на констатацијата дека лидерската улога на наставникот е значајна за демократизација на училишната клима, ги поддржува и поттикнува учениците во постигнување на повисоки училишни резултати, ги мотивира наставниците на соработка и партнерство и го поддржува процесот на доживотно учење.

**Д-р Соња Петровска** во изборниот период објавува една научна книга и учебник по предметот Училишна педагогија и училишна организација.

1. **Петровска, Соња** (2009): Семејството и воспитанието на децата, Скопје, Алфа 94 МА. (научна книга)

Семејството и воспитанието на децата претставува оригинален и мошне успешен научен труд во кој авторката ги презентира резултатите и сознанијата од своите повеќегодишни проучувања на еден педагошки проблем чие значење е согледано во потребата на воспитно-образовната практика за унапредување на соработничките односи помеѓу семејството и училиштето, проблем кој особено станува актуелен од гледиште на денешните реформски процеси на нашиот воспитно-образовен систем. Трудот е од особено значење за развојот на педагошката наука и практика. Авторката успева да го детектира воспитниот статус на македонското семејство и неговото влијание врз училишната успешност на децата, да изгради модел на позитивен и негативен воспитен статус и согласно со истражувачките резултати да предложи ориентациона програма за педагошко образование на родителите.

2. **Петровска, Соња** (2010): *Училишна педагогија и училишна организација (одбрани поглавја)*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет (учебник).

Концепцијата на учебникот „Училишна педагогија и училишна организација“ јасно открива дека во него се вградени долгогодишното наставно и научноистражувачко искуство и знаење на авторот. Истиот третира избрани проблеми од училишната педагогија и училишната организација, соодветни на програмата по предметот. Во него на оригинален и успешен начин се прави интегрирање на сознанијата од теоријата на организацијата со сознанијата од педагошката наука со што им се овозможува на идните наставници стекнување на компетенции за работа во училишниот колектив и активна партиципација во развојот на нивното училиште. Учебникот е втемелен на референтна домашна и странска литература и ги исполнува научните, стручните и педагошките карактеристики за учебно помагало.

**Учество на конференции, конгреси и симпозиуми меѓу двата избора**

Д-р Соња Петровска учествува на повеќе конференции, конгреси и симпозиуми, во земјава и во странство, каде има можност да ги презентира и сподели своите научноистражувачки и наставни сознанија и искуства.

Од приложената документација, истите се референтни за научното подрачје и научните области во кои таа се развива.

**А) Во земјава:**

1. Усна презентација: Cooperative learning as a humanistic approach, V International Scientific Conference “Education for a human society”, Faculty of pedagogy – St. Clement of Ohrid, Ohrid 28-29 maj 2010.
2. Усна презентација: Образование на надарените и талентираните, Интернационална конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и

практика)", Универзитет „Св. Климент Охридски" – Педагошки факултет – Битола, Охрид, 16-17 октомври 2009.
3. Усна презентација: Воспитно-образовните вредности на кооперативното учење, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишното образование и воспитание – предизвик на 21 век", Граѓанска асоцијација на учителите на Р. Македонија, Штип, 23 мај 2008.
4. Усна презентација: Компатибилноста на директорот и развојните фази на училиштето, научна конференција „Современи тенденции во наставата", Граѓанска асоцијација на учителите на Р. Македонија, Штип, 23 мај 2007.
5. Усна презентација: Воспитно-образовните ефекти од воведување на проектот „Со читање и пишување до критичко мислење", Годишна конференција – Европска мрежа на образование на наставници (ETEN), Универзитет „Св. Кирил и методиј" – Скопје и Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Охрид 8-13.12.2005.

**Б) Во странство:**

1. Усна презентација: Учителите, техните лидерски умения и ефективното училише, I пролетна национална конференция „Утвърждаване и повишаване авторитета на учителя в съвремените условия", Център за обучение, консултации и тренинг ЗС Консулт, Варна 20-21 март 2010.
2. Усна презентација: WCES 2010 (World Conference on Educational Sciences), Istambul, Bascesehir University, 4-8 february 2010.
3. Усна презентација: Усна презентација: Research Tendencies in The Area of Parent-School Cooperation, Научно-практическа конференција с международно участие „Предучилишното детство и одговорностите на съвременното общество" Бургас, Община Бургас – Министерство на образованието младежта и науката – Буграски свободен университет и Университет „проф. Д-р Асен Златаров", 25 -27 ноември 2009.
4. Усна презентација: Pedagogical aspects of integration of ICT in educational practice, V International Conference on Technology, Informatics and Education, CNTI & IPI, Novi Sad 19-20 June 2009.
5. Усна презентација: Младите и слободното време, Международна научна конференция „Европа като културно пространство", Евроарт 2007, Благоевград 7-8 мај 2007.
6. Усна презентација: Integracija E-ucenja u kurikulum Metodike vaspitno-obrazovnog rada matematike, IV medzunarodni simpozijum "tehnologija, informatika, obrazovanje – za drustvo ucenja I znanja", PMF – Novi Sad, IPI – Beograd, CNTI – Novi Sad, 26-27 Januar, 2007.
7. Усна презентација. Cooperative Learning in Heterogeneous Groups – A Model for Establishing Class Cohesion and School Success Improvement, International conference "Role of education in reduction of Poverty Effects on Children in Transitional Countries" Belgrade 15-16 November 2007.

Во изборниот период доц. д-р Соња Петровска учествува во три проекти, каде се појавува во улога на учесник на работилници, предавач, коорганизатор и раководител на студенти:

1. Креативна настава и учење, USAID I FOSIM, 2005-2008 (I семинар за наставничкиот кадар од педагошките факултети во Р. Македонија, 2-4 декември 2005 г., Охрид; Развој на курикулуми во светлото на Болоњскиот процес - ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитетот - II семинар за наставничкиот кадар од педагошките факултети во Р. Македонија, 29 јануари - 1 февруари 2006 г., Охрид; Учесник во работилници за редизајнирање на студиските програми за образование на наставници на Педагошкиот факултет, УГД, Штип. 13-16 март 2008 г., Охрид.
2. Заеднички денови на учење преку целиот живот ("Joint Days of Lifelong Learning" 05MAC02/02/104), Европска агенција за реконструкција – Скопје, КАРДС „Програма за соседство Македонија-Бугарија 2005. Предавач на семинарот за обука на директори

и наставници на основни и средни училишта од Р. Бугарија и Р. Македонија, на тема „Педагошки принципи и карактеристики на европското образование", 21-22, август 2008 г., Делчево.

3. Strengthening Capacity to Work in a Multi-Ethnic Society for Professionals in Education and Social Services, OSCE, декември – април 2009 г. Коорганизатор, раководител на студенти и учесник во обука – Зајакнување на капацитетите на наставниците за работа во мултиетничко општество, 2-6 декември 2009 г).

Д-р Соња Петровска активно партиципира во креирање на развојот на Педагошкиот факултет со што придонесува во развојот на образованието на наставниците во нашата држава. Таа учествува во изготвување на елаборатите на:

1. Студиска програма за трет циклус универзитетски студии на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
2. Студиските програми за I циклус на студии.
3. Студиска програма за втор циклус универзитетски студии на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Таа учествува и во изготвувањето на Локалниот акционен план за еднакви можности на општината Штип 2009 – 2013.

Во моментот, д-р Соња Петровска е раководител на Одделот за одделенска настава – Педагошки факултет, координатор на ЕКТС на Педагошкиот факултет и член на комисиите за: разгледување на барања и молби од студентите – Педагошки факултет и издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

## ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид изнесените податоци за досегашните постигања и развој на доц. д-р Соња Петровска, Комисијата утврди дека станува збор за совесен, сериозен, креативен и методолошки коректен научен работник, извонреден наставник и соработник. Според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатката остварила завидни резултати во полето на наставно-образовната (77,80 поени), научноистражувачката (60 поени), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (49,20 поени), со што во потполност ги исполнила критериумите за избор во наставно-научно звање (вкупно 187 поени). (Табела 1.)

Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, да му предложи ***доц. д-р Соња Петровска да ја избере во звање – вонреден професор, за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Киро Камберски, с.р.**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**

**Табела**
**За вреднување на активностите на доц. д-р Соња Петровска**
**за периодот 2005 - 2010 година, според критериумите за избор на наставници**
**и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

| **Наставно-образовна дејност** | **Број** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 1 | 15 | / |
| Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 2 | 2 | / |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 7 | / |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 20 | 4 | / |
| Воведување на нов специјален (стручен) наставен предмет | 1 | 3 | / |
| Предавања (седмичен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>Пресметано според решение за ангажираност во наставата | 16x1.5+3 | 27 | / |
| Вежби (седмичен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 31,5x0.2 | 6.30 | / |
| Одржани предавања (или констултации) на постдипломски студии по одржан курс | 1x3+2x2 | 7 | / |
| Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | 3x1.5 | 4.50 | / |
| Рецензент на соработници и наставници | 2 | 2 | / |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Научна книга | 1 | 10 | / |
| Прегледен труд | 2 | 13 | / |
| Труд со оригинални научни резултати/ зборник | 2 | / | 4,60 |
| Секциско предавање на научен собир | 2 | 2 | 4 |
| Учество на научен собир со реферат – усна презентација | 9 | 4.50 | 12 |
| Учесник во научен проект | 3 | 6 | / |
| Член на уредувачки одбор на научно списание/зборник | 2 | 2 | / |
| Член на организационен одбор на научен собир | 2 | 2 | / |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 5.20 | 21 |
| Учество на стручен собир со реферат – усна презентација | 2 | 2 | / |
| Учесник во изработка на елаборати | 3 | 6 | / |
| Раководител на оддел (Одделенска настава) | / | 4 | / |
| Член на универзитетски тела (комисија) | 1 | 5 | / |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 6 | / |
| **ВКУПНО** | | | **187,10** |